РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА ФЕВРУАРИ 2008 ГОДИНА

## 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

По донесувањето на измените и дополнувањата на Царинскиот закон и воведувањето на концептот на овластен економски оператор, Царинската управа започна со спроведување и утврдување на динамиката на активностите предвидени во Акциониот план на Царинската управа за 2008 година. Во таа насока, изготвен е нацрт на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон во делот на овластен економски оператор и се вршат анализи на останатите документи на Европската унија кои ја регулираат оваа област. Исто така, Царинската управа побара експертска помош преку користење на инструментот за размена на информации за техничка помош (TAIEX).

Во Одделението за анализа на ризик е инсталиран софтверот „Border„ со што е овозможено користење на податоците за реализираниот увоз, извоз и транзит на стока и превозни средства за потребите на анализа на ризик и селективност. Инсталирана е базата на податоци за кривични пријави со што се овозможи поефикасно пребарување на фирмите во базата заради ажурирање и поставување во модулот на селективност.

По добивањето на статус на земја набљудувач во Заедничкиот комитет и работните комитети на Конвенцијата за заеднички транзитни постапки, претставници на Царинската управа активно се вклучија во работата на комитетите. Во текот на февруари беше одржан состанок на EC-EFTA работната група на кој се разгледуваа одредени отворени прашања поврзани со третманот на транзитната стока во трговијата со трети земји и останати прашања поврзани со заедничкиот транзит и поедноставувањето на формалностите при трговија со стока. Исто така, беше одржан и состанок на e-Customs работната група на кој се разгледуваа националните проект планови и анализа на коментарите на работните групи, националните проект планови за наредниот период и развојот на апликациите за Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS).

Во февруари 2008 година наплатени се 3.855,2 милиони денари (околу 63 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 471,3 милиони денари (околу 7,7 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 3.301 милиони денари (околу 53,9 милиони евра) на име ДДВ, 72,5 милиони денари (околу 1,2 милион евра) на име акцизи и 10,4 милиони денари (околу 0,17 милиони евра) на име надоместоци. Во споредба со истиот месец 2007 година вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 36 %.

Во првите два месеца од 2008 година (јануари и февруари) наплатени се вкупно 7.160,2 милиони денари (околу 117 милиони евра) приходи од увозни давачки, од кои 805,3 милиони денари (околу 13 милиони евра) на име царина и други царински давачки, 6.197 милиони денари (околу 101 милиони евра) на име ДДВ, 137,5 милиони

денари (околу 2,2 милиони евра) на име акцизи и 20,4 милиони денари (околу 0,33 милиони евра) на име надоместоци. Во споредба со 2007 година (јануари и февруари), кога беа наплатени вкупно 5.659 милиони денари приходи од увозни давачки, вкупно наплатените увозни давачки во истиот период 2008 година се поголеми за 26,52 %.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

Во февруари 2008 година Царинската управа учествуваше во организација на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

- во соработка со Секретаријатот за европски прашања на 01.02.2008 година одржана е презентација на спроведени активности и пренесување на искуства од добри практики во врска со рамката за самооценување и подобрување и утврдување на потреби од обуки на која учествуваа тројца претставници од Царинската управа,
- во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање одржан е вториот дел од обуките за „Распознавање на габи и виши растенија", на кои учествуваа вкупно 18 царински службеници,
- во периодот 04-08.02.2008 година во соработка со Амбасадата на САД организирана е обука на тема „Управување со закани во врска со оружје за масовно уништување„ на која учествуваа 20 царински службеници,
- во соработка со Секретаријатот за европски прашања и ГТЗ - Германска Техничка помош одржана е обука за „Управување со проектен циклус„ во периодот 06-08.02.2008 година на која учествуваше еден претставник од Царинската управа,
- на 09.02.2008 година одржан е состанок со претставници на Грчката Бизнис Асоцијација на кој учествуваа двајца претставници од Царинската управа,
- во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Генералниот секретаријат на Владата одржана е обука за Претпристапните фондови (ИПА) на која учествуваа двајца претставници од Царинската управа,
- во периодот 11-12.02.2008 година одржана е обука за „Изработка на ефикасни тендерски документации„ на која учествуваше еден претставник од Царинската управа,
- во текот на февруари одржани се основни обуки за нововработените царински службеници според програмите за основна обука и тоа:
    - 11-15.02.2008 година се одржа обука за примарен и секундарен преглед за 10 царински службеници,
    - 12-15.02.2008 година се одржа обука за работа со МАКЦИС и Мерки на трговска политика за 16 царински службеници,
    - 19-22.02.2008 година се одржа обука за работа со МАКЦИС и постапка по откривање на царински прекршок за 10 царински службеници,
- во периодот 18-20.02.2008 година во Скопје и 20-22.02.2008 година на граничниот премин Табановце, во соработка со Граничната полиција се одржаа првите две од предвидените тринаесет обуки на тема „Идентификација на дрога„ на кои учествуваа вкупно 10 царински службеници,
- во соработка со Crown Agents одржани се вкупно 13 семинари за подигнување на свеста кај царинските службеници за борба против корупција и етика. Во текот на февруари на истите учествуваа вкупно 275 царински службеници,
- во периодот 16-17.02.2008 година за вработените во Царинарница Гевгелија и 23-24.02.2008 година за вработените во Царинарница Штип одржани се семинари за обновување на знаењето на царинските службеници, на кои учествуваа вкупно 102 царински службеници,
- во периодот 04-08.02.2008 година еден претставник од Царинската управа престојуваше во Република Романија со цел стекнување на искуства во делот на

интелектуалната сопственост за изработка на Национален план и Национална стратегија за заштитување на правото од интелектуалната сопственост,
- во периодот 18-22.02.2008 година двајца претставници од Царинската управа учествуваа на обука за Analyst Notebook во Белград, Република Србија,
- во периодот 11-13.02.2008 година двајца претставници од Царинската управа учествуваа на Состанок за транзитна постапка во железнички сообраќај во Белград, Република Србија,
- во периодот 20-24.02.2008 година еден претставник учествуваше на 5-та Годишна конференција за гранична сигурност на земјите од Југоисточна Европа која се одржа во Будва, Република Црна Гора,
- во периодот 20-26.02.2008 година еден претставник од Царинската управа учествуваше на состанок посветен на новиот компјутеризиран транзит систем (NCTS) во Брисел, Белгија.

## 3. Интегритет и борба против корупција

Во февруари 2008 година инспекторите од Одделението за внатрешни истраги реализираа вкупно 11 истражни постапки во организационите единици на Царинската управа. Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации. За спроведените истраги изработени се три службени информации и осум службени белешки[1]. Во истиот период Одделението за внатрешна инспекција изврши пет контроли во повеќе организациони единици на Царинската управа и изготви четири извештаи.

Во истиот период во Царинската управа се реализирани седум дисциплински постапки против седум царински службеници. Во шест случаи донесена е дисциплинска мерка престанок на работен однос со Царинската управа, а во еден случај изречена е мерка парична казна за царински службеник.

## 4. Транспарентност

Во февруари 2008 година преку отворената царинска линија 197 се примени 7.895 повика или во просек 281 повик на ден, од кои:
- 11 повика се А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени активности,
- 12 повика се Б класа (информации кои бараат натамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
- 16 повика се Ј класа (информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за корумптивно и непрофесионално работење на царинските работници),
- 3 повика се I класа (информации кои се однесуваат за пријавување на повредна на правата од интелектуална сопственост).

---

[1] Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс. Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

До Гранична полиција упатени се 41 барање за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез, а до Дежурниот центар за состојби при Бирото за јавна безбедност на Министерството за внатрешни работи упатено е 1 барање за проверка на податоци на лица. На сите упатени барања е добиен одговор.

Во делот на континуираното зголемување на транспарентноста во информирањето на вработените и пошироката јавност, во февруари 2008 година на интранет порталот на Царинската управа се објавени 11 информации, додека на официјалната интернет страница континуирано се објавуваат информации на македонски, англиски и албански јазик.

## 5. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

На 07.02.2008 година царинските службеници на Аеродромот „Александар Велики„ во Скопје при спроведување на редовна царинска контрола, спречија обид двајца Косовски државјани со фалсификувани југословенски патни исправи да ја напуштат Република Македонија. Лицата влегле во Република Македонија на граничниот премин Блаце (македонско-српска граница, во делот со Косово) каде презентирале оригинални патни исправи издадени од UNMIK, а потоа со две такси возила се упатиле кон Аеродромот во Скопје. По пристигнување на аеродромот лицата, независно еден од друг, се упатиле на шалтерите да ги чекираат авио-билетите на релација Скопје-Виена-Женева кога ги употребиле како вистински фалсификуваните југословенски патни исправи, на кои биле залепени нивни слики, додека личните податоци испишани во истите се однесуваат на други лица од Косово. Податоците од фалсификуваните југословенски патни исправи биле идентични со податоците од авио-билетите. По извршеното чекрирање лицата се упатиле на царинска контрола каде на царинскиот службеник му ги презентирале оригиналните патни исправи од UNMIK. Во патните исправи биле приложени фалсификувани документи, и тоа работни визи и бординзите од чекираните карти. Бидејќи патните исправи издадени од UNMIK и фалсификуваните работни визи гласеле на едни имиња, а бординзите од картите гласеле на други имиња, царискиот службеник пристапил кон личен претрес на пријавените, при што кај двете лица биле пронајдени: фалсификуваните југословенски пасоши и фалсификувани дозволи за престој на кои биле залепени слики од осомничените.

Врз основа на разузнавачки информации и анализи на ризикот, специјалните мобилни единици, во февруари 2008 година извршија преглед на 286 камиони, 29 автобуси, 562 автомобили или на вкупно 877 возила на граничните премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, странски средства за плаќање, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки). Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење при што се запленети:

- 57.800 парчиња цигари и 100 парчиња пури,
- 16,5 литри алкохолни пијалоци,
- 3.687 парчиња текстилни производи и облека, 19.170 м2 памучна ткаенина, 5930 м2 синтетичка тканина и 201 килограм ткаенина фротир,
- 1.880 пара патики,
- 566 парчиња паричници, 465 парчиња ремени, 25 парчиња женски чанти и 940 парчиња патнички куфери,

- поголема количина на храна и прехрамбени производи - 4.358,5 кг зеленчук и овошје, 17.360 кг француско бело сирење, 247 кг солени говедски црева, 58 кг смрзната риба, 4.806 кг природен сок од јаболка, праска, портокал и ананас, 14,4 килограми салеп, 39 кг кафе и 300 кг течност за прелевање на сирење,
- поголема количина лекови и помошни лековити средства - 492 пакувања (30 ml) капки актиферрин, 169 сета вештачки заби (123 сета по 6 и 46 сета по 8 парчиња), 59.620 таблети, 25 туби маст и 10 шишиња капки различни лекови од типовите Prazine, Lexilium, Tramadol, Catalin, Butavate ointment,
- компјутери и компјутерски делови – 1 преносен компјутер (lap top), 2 LCD монитори, 1 половен монитор, 2 принтери, 2 куќишта и 1 тастатура за компјутер,
- 845 парчиња различни авто делови и 20 парчиња половни автомобилски гуми,
- поголема количина козметика и хигиенски производи - 287 лакови за коса, 27 паковања хигиенски влошки, 96 сапуни, 12 деодоранси, 30 стикови, 48 пени за бричење и 118.770 бебешки пелени,
- 82 грама златен накит (прстени, алки, ланчиња, монети)
- 1 употребуван воздушен пиштол, калибар 4,5 милиметри
- 58 парчиња петарди,
- 30 котури украсна хартија,
- 3 гаражни врати,
- 2 кревети со душек и 30 дрвени тапацирани столици,
- 63 парчиња ламби и лустери,
- 15 кутии по 10 парчиња ламинат и 5 котури тврда пластична трака за пакување,
- 600 парчиња стаклени шишиња од 0,5 литри,
- 144 плакети, 103 значки, 147 гравирани плочки и 34 украсни медали,
- поголема количина електрични апарати и делови – 49 правосмукалки, 39 микробранови печки, 23 електрични пегли, 15 половни фрижидери, 1 половен фрижидер за длабоко замрзнување, 6 половни машини за перење садови, 20 половни машини за перење алишта, 24 половни мотори за фрижидери, 24 автомати за кафе, 11 скари, 5 соковници, 2 плотни за шпорет, 2 мини рерни, 2 печки за тесто, 190 половни електрични машинки за бричење, 1 музички систем, 1 радио CD, 1 DVD player, 12 мобилни телефони со комплетен прибор, 24 електронски печатени плочи-уреди за пренесување на безжичен интернет и 30 сета безжични микрофонски системи,
- поголема количина алати, машини и делови – 1 машина за чистење и полирање на подни површини, 1 машина за чевларската индустрија, 39 парчиња делови за машина за шиење, 1 генератор, 1 половен рачен вилушкар, 5 магацински колички, 1 машина за шиење, 1 водна пумпа, 9 котури пластично црево за парно (180 кгр), 2 парчиња ножеви за циркулар, 2 половни дрвени скали и 9 сета алати,
- 21.200 евра,
- 50 чекови со вредност од 161.009 евра.

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа доставени се 656 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 43 барања по прекршочна пријава за возила од Министерството за внатрешни работи, 9 барања по записник за царински прекршок од Секторот за контрола и истраги, 92 барања по записник за царински прекршок од царинските испостави, а останатите 512 се вратени предмети од Основните судови кои со решенија се огласуваат за ненадлежни. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во февруари реши вкупно 63 предмети во редовна и скратена постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 11,2 милиони денари (околу 184 илјади евра) и 30.100 евра во денарска противредност и одзеде 2 патнички моторни возила и стока во вкупна вредност од 357 илјади денари (околу 5,8 илјади евра). Во истиот период Царинската

управа поднесе 24 пријави за покренување за кривична постапка, против 33 физички лица и 15 правни лица. Во текот на февруари Царинската управа издаде вкупно 288 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од 35.500 евра во денарска противвредност.

Во февруари 2008 година Царинската управа донесе 183 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 39,22 милиони денари (околу 640 илјади евра).

Во февруари 2008 година Царинската управа спречи 21 обид за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 55.901 парче различна стока и 2.217 килограми метража со следната структура:

- 14.815 пара патики со лого на трговската марка CONVERSE,
- 7.037 парчиња со лого на трговската марка ADIDAS (2.985 пара патики, 1.755 парчиња долни тренерки, 1.440 пара чорапи и 857 пара тренерки),
- 2.358 парчиња со лого на трговската марка PUMA (2.320 пара патики и 38 парчиња блузи),
- 343 пара патики со лого на трговската марка NIKE,
- 324 пара патики со лого на трговската марка KAPPA,
- 1.040 парчиња ремени со лого на трговската марка DIESEL,
- 482 парчиња со лого на трговската марка D&G (42 парчиња блузи и 440 парчиња ремени),
- 2.083 парчиња со лого на трговската марка VERSACE (2.060 парчиња ремени и 23 парчиња сако),
- 717 парчиња со лого на трговската марка ARMANI (620 парчиња ремени, 54 парчиња блузи и 43 парчиња одела),
- 1.198 парчиња со лого на трговската марка HUGO BOSS (660 парчиња ремени, 54 парчиња панталони, 380 парчиња парфеми и 96 парчиња тоалетни води),
- 672 парчиња дресови со лого на трговската марка SAMSUNG,
- 17.250 парчиња паста за заби со лого на трговската марка COLGATE,
- 2.217 кг памучна метража и 25 парчиња блузи со лого на трговската марка LACOSTE,
- 2.407 парчиња со лого на трговската марка EPSON (2.050 парчиња кертриџ тонер, 320 парчиња рибони и 37 парчиња мастило за кертриџ),
- 4.799 парчиња со лого на трговската марка NOKIA (1.995 парчиња футроли, 1.419 парчиња полначи, 89 парчиња батерии, 186 парчиња маски, 168 парчиња слушалки, 610 парчиња кутии и 180 парчиња CD за мобилни телефони, 59 парчиња TV кабли и 93 парчиња USB кабли),
- 183 парчиња со лого на трговската марка SONY ERICSSON (56 парчиња полначи, 8 парчиња батерии, 44 парчиња маски, 47 парчиња слушалки, 20 парчиња кутии за мобилни телефони и 8 парчиња USB кабли),
- 90 парчиња со лого на трговската марка MOTOROLA (55 парчиња маски и 35 парчиња слушалки за мобилни телефони),
- 78 парчиња игри со лого на трговската марка SONY PLAYSTATION.

Во февруари 2008 година прифатени се 4 нови барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост за Red&Black, Emona-Brand, Zegna и Escada.

Во истиот период, Царинската управа спроведе уништување на 11.938 парчиња различна фалисфикувана стока (блузи, кошули, чорапи, капи, очила, тоалетни води и деодоранси, џоистици, полначи, батерии и футроли за мобилни телефони), за која по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата

од интелектуална сопственост се потврди дека е фалсификат и ги повредува правата од интелектуална сопственост. Уништената стока беше од следните трговски марки: Armani, Acqua Di Gio, Hugo Boss, Escada, Gas, Adidas, Puma, Motorola, Nokia, Sony PlayStation.

Во периодот од 19.02.2008 до 26.02.2008 година, Царинската управа на Република Македонија спроведе уништување на стока-режан тутун (вкупно 43.392,00 кг бруто тежина) одземен по рок на лежење, а која се уништува согласно член 87 став 1 од Царинскиот закон.

## 6. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

На 06.02.2008 година во просториите на Царинската управа се потпиша Меморандум за соработка помеѓу органите на државната управа и невладините организации за реализација на царински мерки за заштита на авторските и сродните права. Меморандумот за соработка го потпишаа претставници на Министерството за култура, Царинската управа, Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП“, Стопанската комора и Сојузот на стопански комори. Целта на овој Меморандум е преку размена на информации помеѓу потписниците, заеднички акции, континуирани обуки за препознавање на пиратски копии, воспоставување на стандардни процедури за постапување во случаи на повреда на авторски и сродни права при спроведување на царинските мерки, да се подобри разбирањето, препознавањето и откривањето на стока, односно примерок, изработен без согласност на носителот на авторското право и сродните права која би можела да претставува предмет на царинска постапка.

Во рамките на активностите за реализација на Проектот за воведување на едношалтерски систем за увоз и извоз и контрола при единствено застанување (ЕС/КЕЗ) се реализираат континуирани активности соред Елаборатот за имплементација на ЕС/КЕЗ. Во таа насока изготвено е апликативното решение за издавање на лиценци и евиденција на транзит. Проектниот тим од Царинската управа изготви референтна табела на тарифни ознаки со кодови на лиценци за сите институции и ја финализираше листата на лиценци кои ќе бидат опфатени во првата фаза. Паралелено со подготовката на Кодната листа на Лиценци извршена е кодификација на 80-тина лиценци согласно Елаборатот, односно за најголем број од лиценците е извршена хармоизација на процесите, докумените и податоците. Во февруари се извршени првични тестирања на софтверското решение.

Согласно активностите на Царинската управа за олеснување на трговијата и поедноставување на царинската постапка во железничкиот превоз, на 12.02.2008 година во Белград, Република Србија, се реализираше прв билатерален состанок на делегациите на експертските тимови Република Македонија и Република Србија. На состанокот беа разгледани можностите и идните активности за регулирање на граничната контрола и постапката во железничкиот сообраќај. Целта на активностите поедноставување на граничните постапки во железничкиот промет преку изготвување на меѓугранична железничка Спогодба помеѓу Република Македонија и Република Србија.

Во периодот 28-29.02.2008 година во Даблин, Република Ирска, се одржа Конференција на директорите на царинските управи од европскиот регион во организација на Светската царинска организација и Царинската управа на Република Ирска. Во текот на Конференцијата посебен акцент беше ставен на улогата на

царината во 21 век и зајакнувањето на капацитетите на царинските служби, како и улогата на царината во олеснувањето на трговијата. Имајќи во предвид дека оваа година истекува мандатот на Генералниот секретар на Светската царинска организација, на Конференцијата беше извршено претставување на сите кандидати за Генерален секретар на СЦО. Исто така, на маргините на Конференцијата беа реализирани повеќе состаноци со претставниците на другите царински служби, како и со претставниците на Директоратот за зајакнување на капацитети при Светската царинска организација.